# ТЕСТ Екстра ТВ

**ЈАНУАРИ**

# 11-17



## Биба Додева се омажи за својот менаџер

Популарната пејачка Биба Додева се омажи за својот менаџер Зоки. Дознаваме дека свршувачката се случила пред новогодишните празници, без многу помпезност и најави, само со најблиските. Зоки е нејзин долгогодишен пријател и менаџер, но љубовта, наспроти зборувањето за долгата врска, сепак, се случила кусо време пред свршувачката. Нивни блиски пријатели велат дека кога двајца, како Биба и Зоки, толку добро се познаваат и се дружат, нема потреба да се чека. Вљубените веќе го средуваат новиот стан кај Нова железничка станица. За да го потврдиме сето ова, се јавивме и кај Биба и Зоки, но и двајцата не сакаа да кажат ништо. Нивниот одговор беше дека немаат никаков коментар. *(В.М.)*

*Вљубените веќе го средуваат новиот стан кај Нова железничка станица*

## Емилија од Сител сефте мајка

**Емилија Пападимитров или Андоновска, уредник во информативна во ТВ Сител, пред новогодишните празници стана мајка. Роди син тежок 3.100 кг, а долг 49 сантиметри. Бебето се вика Лука, по желба на тато Роман, иако повеќе личи на мама. Со раѓањето на бебето на тато Роман му се исполнила уште една желба; да присуствува на раѓањето на својот наследник. И не само што присуствувал, туку на крајот, се разбира по инструкции на лекарот, ја пресекол папочната врвка. Мама Емче, пак, веќе се навикнува на улогата на мајка. "Лука е многу слатко и мирно бебе, се роди со косичка, и иако има само три недели, како момченце е", вели Емилија. (В.М.)**



*Синчето се вика Лука, по желба на тато Роман, иако повеќе личи на мама*



## Сашо снима два албума во Франција

Младиот популарен пејач Сашо и неговиот менаџер Ацо Конга се наоѓаат во Франција, во гратчето Цреутзњалд, каде што во продукција на "Деди рекордс" паралелно ќе се снимаат материјалите за двата албума: на македонски и на англиски јазик. На македонската верзија ќе се најдат две веќе слушнати песни, "Чудна страст" и макфестовската "Дај ми прилика". Останатото е работа на Дејан Миновски, Хари Котларовски и Владимир Крстевски - Франц, а улогата на текстописец ја има Ацо Конга. Англиските текстови се на германскиот текстописец Нени. Ацо и Сашо велат дека засега сѐ оди според планот, а и двата албума на пазарот ќе се појават напролет. *(М.Џ.)*

*Паралелно ќе се снимаат материјали за два албума: на македонски и на англиски јазик*

## "Бубамара", песна за најнастаните во 2002

Најшармантното шоу на прогласување на најдобрите во изминатава година, шестото издание на"Златна бубамара на популарноста", ќе се одржи кон средината на февруари. Овојпат "Бубамарата" ќе биде отворена на еден интересен начин. Со специјално изработена песна во која се споменуваат сите естрадни, забавни и спортски настани што ја обележаа 2002, како и најинтересните цитати од познатите. Текстот е на Александар Митевски, а во улога на пејачи и рапери се: Нино Леви, Мишко Барзов, заштитното лице на манифестацијата Тони Михајловски, а, можеби, и главниот "виновник" за ова случување - Ранко Бубамара. Претпремиерата на химната на годинешнава "Бубамара на популарноста" ќе се случи на нејзината фреквенција 105.2, неколку дена пред одржувањето на шоуто. (М.Џ.)

### Викенд (А1)

**_АНАЛИТИЧАРОТ НА ДОНОТ_ - Дон Вито е главата на една од мафијашките фамилии во Њујорк, но кај него работите не одат како што треба. Тој е сериозен човек, ама неговата сопруга не го сфаќа така и го напушта. Фамилијата на Дон Вито му советува да оди на психијатар... Режија: Дејвид Џаблин; улоги: Рик Ајело, Роберт Лоџија.**

### Понеделник (Телма)

**_МРТОВЕЦ_ - Црно-бел вестерн на Џим Џармуш, со Џони Деп во главната улога на еден сметководител кој тргнува во потрага по нова работа на Дивиот Запад и се наоѓа среде потерата на ловци на глави... Улоги: Роберт Мичам, Габриел Брн, Гери Фармер.**

### Вторник (МТВ 2)

**_СИНОВИТЕ НА ПОЛ_ - Клемент е женет и има син. Тој отсекогаш бил близок со татко му Пол, кој е музичар. По една караница со синот и снаата, Пол едноставно исчезнува. Клемент тргнува да го бара... Режија: Дидие Гросе; улоги: Жан Пјер Касел, Ане Женере.**

### Среда (МТВ 1)

**_ЗОШТО ВИНОВЕН_ - комедија: Даниел е мирен и повлечен учител. Дознава дека се подготвува атентат врз една висока политичка личност. Како лојален граѓанин сознанието го пријавува во полиција, но со време тој станува сомнителниот... Режија: Алберт Сагуер; улоги: Мишел Катлин, Кармен Конеса, Симон Андреу.**

### Четврток (МТВ 1)

**_ЗАСОЛНИШТЕ_ - историска драма: Американскиот претседател Рузвелт донесува одлука да даде политички азил за 982 логораши од германските конц. логори. Новинарката Рут Грубер доброволно се пријавува бегалците да ги доведе од Европа во Америка... Режија: Џон Греј; улоги: Наташа Ричардсон, Хал Холбрук, Мартин Ландау.**

### Петок (А1)

**_ВОЈНА ВО ЖИВО_ - Приказната се врти околу продуцентот Сергеј кој се обидува да го спаси својот копродуцент Харви Џексон на тој начин што ќе ја игра главната улога во патриотскиот храбар филм што се снима во текот на бомбардирањето врз Југославија... Режија: Дарко Бајиќ; улоги: Александар Берчек, Драган Бјелогрлиќ, Весна Тривалиќ.**